Република Северна Македонија
**Основен суд Неготино**
**Су-04 број 85/24-3**
**30.07.2024 година**
**Неготино**

Претседателот на Основен суд Неготино Билјана Толова врз основа на член 23 став 4 и член 25 од Законот за работните односи („Сл.весник на РМ“ број 62/05...111/23), в.в. член 18 став 6 од Законот за судска служба („Сл.весник“ број 43/14...235/22), по спроведената постапка по Јавниот оглас број 2/24 година за вработување на лице за технички и помошни работи на определено време, на ден 30.07.2024 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

На Јавниот оглас број 2/24 од ден 24/07/2024 година **под точка 2** за вработување на **определено време** за работно место **„хигиеничар“, СЕ ИЗБИРА кандидатот**:

**1. КРИСТИНА ИВАНОВА**

Со избраниот кандидат да се склучи Договор за вработување на определено време веднаш по приемот на ова одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

Основен суд Неготино објави Јавен оглас број 2/24 во дневните весници „Слободен печат“ и „Коха“ од 24/07/2024 година за вработување на определено време до 31.12.2024 година под точка 2 на еден извршител за работно место „хигиеничар“.

Согласно член 18 став 6 од Законот за судска служба, вработувањето на судските службеници на определено време е **согласно Законот за работните односи.**

По завршување на огласот заклучно до 26/07/2024 година, Претседателот на судот на ден 29/07/2024 година по отварање на поднесените пријави на записник констатира дека од вкупно поднесените две пријави за работното место под точка 2 од јавниот оглас, уредна е само една пријава од кандидатот Кристина Иванова со шифра ОС Неготино 2/24-2.

Со избраниот кандидат веднаш да се склучи Договор за вработување на определено време, согласно одредбите од член 13 став 7, член 14 став 2 и член 15 од ЗРО, в.в член 18 став 6 од Законот за судска служба.

По потпишување на договорот за вработување, во рок од пет работни дена од денот на склучувањето на договорот за вработување писмено да се извести кандидатот кој не е избран дека не е избран и кој кандидат е избран, во смисла на член 27 од ЗРО.

Основен суд Неготино, на ден 30/07/2024 година.

**Претседател на**
**Основен суд Неготино**
Билјана Толова